**Градоначалник**

**Република Северна Македонија**
**Општина Неготино**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НЕГОТИНО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-614/3
05.09. 2023 год.
НЕГОТИНО

Врз основа на член 17-б ст.1 , 17-в ст.1 , 2 , 3 , 4 и 17-г ст.1 од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22 и 274/22) и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик , начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување , начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен односно надзорен одбор (,,Сл. весник на РСМ" бр. 283/22) , Комисијата за избор на член на Управен одбор на ЈКП ,, Комуналец " НЕГОТИНО состави

**З А П И С Н И К**
**од извршена административна селекција на кандидати за избор на член на Управен одбор на ЈКП ,, Комуналец " НЕГОТИНО**

На ден 05.09.2023 година, во 08:30 часот, во просториите на општина Неготино започна административна селекција за член на Управен одбор на ЈКП ,, Комуналец " Неготино по Јавен повик 02/2023 , објавен на ден 15.08.2023 година на веб – страницата на основачот на јавното претпријатие.

Комисијата формирана со Решение бр.08-592/7 од 31.08.2023 за избор на член на Управен одбор на на ЈКП ,, Комуналец " Неготино донесено од страна на Советот на општина Неготино по предлог на градоначалникот на општина Неготино , во состав:

1.Марија Нацева – претседател (општинска администрација) ;
2.Николина Панова – зам.претседател (општинска администрација ;
3.Елизабета Камчева – член (ОЧР) ;
4.Ивица Златковиќ – зам. член (ОЧР);
5.Диме Недев – член (ЈКП ,, Комуналец " Неготино) ;
6.Гордана Лазарова зам. член (ЈКП ,, Комуналец " Неготино).

на состанокот одржан на ден 05.09.2023 година констатирано е дека во рамките на утврдениот рок пријавен е вкупно 1 кандидат со 1 уредна пријава поднесена на ден 23.08.2023 година во архивата на општина Неготино .

Пријавата е поднесена од страна на кандидатот Лилјана Арсова Митрова од Неготино. За потврдување на законските услови, кон пријавата кандидатот има доставено:

- Кратка биографија ;
- Писмо за интерес ;
- Изјава заверена на нотар за веродостојноста и точноста на податоците во пријавата Број УЗП 3600/2023 од 24.08.2023 година ;
- Уверение за државјанство бр.23.9/4/460 од 23.08.2023 год.;
- Уверение ПРК-Р-199/23 од 23.08.2023 година од Основен суд Неготино ;

Градоначалник

Република Северна Македонија
Општина Неготино

- Преглед на пријави /одјави во задолжително социјално осигурување за лице од 23.08.2023 година од АВРМ на РСМ – Центар за вработување Неготино ;
- Уверение за положени испити од прв циклус студии Бр.13-2301/3 од 01.11.2012 година и Уверение за одбранет Специјалистички труд бр.13-625/3 од 29.05.2019 година – Факултет за економски науки – ФОН со стекнат стручен назив дипломиран економист со стекнати 240 ЕКТС кредити ;
- Потврда од Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино ;
- Сертификат од Мотива за успешно завршен семинар на тема : ,, Бизнис алатки и иновации во бизнисот " ;
- Сертификат од Институтот за економско истражување и политики FINANCE THINK за учество на обука на тема: ,, Унапредување на активното вклучување на маргинализираните лица исклучени од пазарот на труд" ;
- Потврда од Македонија Биро Скопје на тема: ,, Изготвување на завршна сметка за 2017 година " ,, Измени и дополнување во Законот за административни службеници " , ,, Измени и дополнување во Законот за персонален данок на доход и други материјално-финансиски и правни прашања " ;
- Потврда од Македонија Биро Скопје на тема: ,, Изготвување на завршна сметка за 2018 година ", ,, Појаснувања за поважни законски прописи кои имаат директно влијание на завршната сметка и други материјално-финансиски и правни прашања ";
- Сертификат од Мотива за успешно завршен семинар на тема: ,, Претприемништво и водење мал бизнис ".

По разгледувањето на целокупната документација прилог кон пријавата комисијата за административна селекција констатираше дека кандидатот ги исполнува условите предвидени во Законот за јавните претпријатија и дефинирани во Јавниот повик 02/2023 година .

**КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА :**

Марија Нацева - претседател ____________

Елизабета Камчева - член ____________

Диме Недев – член ____________